ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 04-1737/1
05.06.2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.120/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) а согласно Годишниот план за вработување во 2025 година на ЈП Улици и патишта – Скопје бр. 04-4960/1 од 12.11.2024 година и Одлука за утврдување на потреба од работници за засновување на работен однос на неопределено време бр. **04-1733/1 од 05.06.2025** година, ЈП Улици и патишта - Скопје, в.д. директорот на ЈП Улици и патишта - Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БР.02/2025**

За прием на помошно технички лица на неопределено време

**I.** Се распишува Јавен оглас за засновање на работен однос на неопределено време за 2 (две) помошно технички лица и тоа за следните работни места:

**1. 113. КДР0401А03005 Хигиеничар**..........................................................................**1 (еден) извршител**
во одделение за општи и правни работи; Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси;

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**:
- Најмалку ниво на квалификации I или основно образование.
- Со или без работно искуство во струката;

**Основна нето плата:**
- 29.640,93

**Распоред на работно време:**
Од 08:00 до 16:00; 40 часа неделно;

**2. 118. КДР0402А02007 Работник за обезбедување на имот и лица**....................**1 (еден) извршител**
во одделение за општи и правни работи; Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси;

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**:

- Најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование: Вид на образование: **Средно.**
- Најмалку една година работно искуство во струката;
- Лиценца за положен испит за обезбедувач на имот и лица;

**Основна нето плата:**

- 33.054,07

**Распоред на работно време:**

Работни во смени: Прва, втора и трета смена;

**II.** Пријавата за вработување се пополнува на образец, изготвен од страна на јавното претпријатие која може да се подигне од Архивата на ЈП Улици и патишта - Скопје или може да се превземе од веб страната на претпријатието.

Телефон за контакт: 070/270-834; 071/305-330;

**Со пријавите по огласот кандидатите треба да доставaт**:

1. Уверение или решение за државјанство (фотокопија), Важи за сите работни места.
2. Уверение за општа здравствена способност - лекарско уверение (оригинал или фотокопија заверена на нотар), Важи за сите работни места.
3. Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност (оригинал), Важи за сите работни места.
4. Сведителства од I до VIII/IX, основно образование (фотокопија заверена на нотар), Важи за работно место под реден број 1.
4. Сведителства од I до III/IV година, средно образование (фотокопија) и диплома за завршрно средно образование (фотокопија заверена на нотар), Важи за работно место под реден број 2.
5. Доказ за работно искуство во струката**,** Важи за работно место под реден број 2.
6. Доказ за други посебни услови - Лиценца за положен испит за обезбедувач на имот и лица (фотокопија заверена на нотар), Важи за работно место под реден број 2.

Јавниот оглас трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавувањето во дневниот печат.

Доколку на јавниот оглас се пријават до 200 кандидати за едно работно место, изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати, за едно работно место, изборот ќе се изврши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место, изборот ќе се изврши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Ненавремена, некомлетна и неуредна документација, нема да биде предмет на разгледување.

Пријавата со потребната документација, кандидатите се должни да ги доставaт до архивата на ЈП Улици и патишта - Скопје, на адреса ул. Коле Неделковски бр. 38 - Скопје.

ЈП „Улици и патишта" – Скопје

____________________________

**Ивана Трајкоска**


Јавно претпријатие
УЛИЦИ И ПАТИШТА - Скопје
Ndërmarrja publike
RRUGË DHE RRUGICA - Shkup
ул. Коле Неделковски бр. 38 - Скопје
Rr. Kole Nedelkovski nr. 38 - Shkup
(+389) 2 3162 317
www.uip.gov.mk
info@uip.gov.mk